Со големо задоволство Ве покануваме на информативна средба со Фондот за иновации и технолошки развој и Македонска банка за поддршка на развојот.
На оваа средба ќе бидат претставени инструментите за финансирање преку Фондот за иновации од објавениот четврт повик за Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф, и Кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации, како и кредитните продукти, кредитно осигурување и факторинг од Македонска банка за поддршка на развојот.

Ги покануваме сите заинтересирани претприемачи, менаџери, старт ап компании, студенти и други лица кои сакаат да дознаат повеќе информации за можностите за финансирање кои се нудат преку овие инструменти, да земат учество на инфо денот кој ќе се одржи на 28-ми март 2017 година во Факултетот за информатички и комуникациски технологии, ул.Партизанска бб (комплекс Касарна) Битола со почеток од 11:00 часот.

.

За пријавување за учество и дополнителни информации за информативната средба може да се обратите во:

**Центар за развој на Пелагонискиот Плански Регион**

лице за контакт Владимир Величковски

е-маил: leader@pelagonijaregion.mk

тел.: 076/260-709.



*Инфо сесија на Фондот за иновации и технолошки развој за повикот за инструментите*
***Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап, спин- оф и Кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации***
*за потенцијални апликанти*
*и*
*Македонска банка за поддршка на развојот*

Датум: **28.03.2017**
Време: **11:00 – 14:00 часот**

Место на одржување:
**Факултет за информатички и комуникациски технологии**
**Ул Партизанска бб (комплекс Касарна) Битола**

| | **АГЕНДА** |
|---|---|
| 11:00 – 11:15 | Регистрација на учесниците |
| 11:15– 12:00 | Кратка презентација на Фондот и правила и процедури за финансирање на инструментот |
| 12:00 – 12:15 | Пауза |
| 12:15– 13:15 | Подготовка на предлог проекти, информации за софтвер и презентација на апликацискиот пакет |
| 13:15– 13:30 | Прашања и одговори |
| 13:30 – 14:00 | Македонска банка за поддршка на развојот<br>-Презентација на кредитни продукти, кредитно осигурување и факторинг |